# БИТКА
# ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Платформа на
## партијата Единствена Македонија

ЕДИНСТВЕНА
МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија на 27 април 2017 се случи државен удар со насилниот избор на претседател на Собранието и инсталирањето на марионетска влада од НАТО со задача да спроведе геноциден проект за бришење на името, идентитетот, историјата и традицијата на македонскиот народ.

Република Македонија преживува најтешки моменти од кога било досега. Затоа, Единствена Македонија како партија која секогаш е на првата линија во одбрана на националните и државните интереси, поаѓајќи од сопствената одговорност не може да стои настрана. Мора да го кажаме нашиот став за иднината на Македонија која ќе се решава на избори во 2020 година - настан од историско значење на кои народот, а не некој странец ќе го даде одговорот - или ќе се зацементира бришењето на се што е македонско, или, на изборите ќе победат националните и патриотските сили кои ќе ја вратат државата на изворните илинденски и асномски принципи.

За таа цел, Единствена Македонија е подготвена за соработка со партии, здруженија и поединци од земјата и странство доколку е прифатлива Платформата а секое отстапување од неа да се смета за национално предавство. Не е потребно обединување околу лидери, партии и поединци, туку сега, ни е потребно обединување врз основа на Платформа со јасни определби. Целата држава е во заложништво и можеме да ја ослободиме само доколку делуваме, токму сега, единствени и сплотени во одбрана на Татковината.

Силно сме убедени дека определбите во Платформата се достижни, но, нивното остварување претпоставува една претходна ситуација - на парламентарните избори во 2020 година народот повеќе нема право на грешка!

**1. Поништување на договорот со Грција за промена на името (попознат како преспански договор), со цел, неменување на името - Република Македонија.**

**2. Република Македонија национална држава на македонскиот народ со гарантирани права на малцинствата според меѓународното право, грижа за иселениците од Македонија и за положбата и правата на македонскиот народ во соседните земји и за таа цел поништување на Договорот со Бугарија со кој се бришат Македонците во Пиринска Македонија;**

**3. Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и за таа цел поништување на законот за двојазичност;**

**4. Спроведување на попис и поништување на фалсификуваниот попис од 2002 со кој албанското малцинство беше лажно прикажано дека е 25,17 отсто;**

**5. Република Македонија унитарна држава со само една државна власт на нејзината територија. Државната територија е неделива и неотуѓива, без можност за нејзино дезинтегрирање во федерални единки или територијална автономија;**

**6. Враќање на територијалната организација во државата пред 2004 година односно враќање на старите општински граници на Кичево и Струга;**

**7. Расветлување на предавствата за време на Татковинската војна во 2001 и целосно згрижување на бранителите. Враќање на присилно раселените од воената 2001-ва и враќање на задолжителниот воен рок;**

**8. Укинување на Службата за државна безбедност и основање на мала, ефикасна и високо оперативна разузнавачка и контраразузнавчка служба во интерес на народот и државата;**

**9. Развој заснован на домашна памет и домашно единство како најсилна брана против секаква внатрешна или надворешна закана и за таа цел задолжителен систематски преглед на носителите на јавни функции;**

**10. Ревизија и одземање на украденото во криминалната, нечесната и неправедната приватизација со кој е извршен грабеж на општествениот имот кој 50 години наназад го создаваа сите работни луѓе во социјализмот, ревизија и одземање на украденото и во постприватизацискиот период. Со еден збор, одземање на украденото од позиција на власт во изминатите 30 години.**

**Почитувани браќа Македонци и сестри Македонки,**
**Почитувани државјани на Република Македонија,**

Ова се определбите во кои веруваме и се заветуваме пред Природата, Господ, Македонскиот народ и државјаните на Република Македонија дека нема да отстапиме од нивното исполнување. Во тоа име, го повикуваме македонскиот народ и државјаните на Република Македонија да одлучат. Ние ќе се бориме, од Вас и вашата волја зависи дали во тоа ќе успееме.
Заедно сме во битката за Република Македонија. Заедно стоиме на страната на Македонија. Да ни е вечна македонската држава!





...давам збор, ветувам дека нема да ја предадеме Македонија, нашата земја, нашата татковина. Единствена Македонија никогаш нема да ја предаде крвта на илјадници Македонци и Македонки кои ја пролеаа за нашата горда Македонија. Никогаш нема да го предадеме името, идентитетот, историјата и традицијата на македонскиот народ. Кажувам директно и јасно - ние во Единствена Македонија сме во политиката да ги одбраниме македонските интереси. Македонија е нашиот дом, онака како што се бориме за нашите домови се бориме и за Македонија. Ова не е битка за власт, ова не е битка за Јанко Бачев, јас сум небитен, ова не е битка на индивидуалци и лидери. Тоа е минлива категорија, ова е битка за опстанок на цел еден народ, ова е битка за Македонија. Битка која само заедно можеме да ја победиме. Марионетската власт во Скопје во спрега со своите странски газди привремено не одалечува од нашиот идеал да бидеме свои на своето, но на крај Македонија ќе победи. Да ги збиеме редовите. Рамо до рамо, срце до срце, рака за рака. Сплотени и единствени ништо не ни можат. Сите заедно, старо, младо, машко и женско на нозе се креваме. Нашата борба е исправна. Ние се бориме да останеме свои на своето, нашата борба е света должност... **проф. д-р Јанко Бачев, претседател на Единствена Македонија**

**ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА**
ул. Даме Груев бр.10, Скопје • тел: 02 620 3071; 075 231 495; 076 310 271,
press@edinstvenamakedonija.mk • www.edinstvenamakedonija.mk

Платформата е отпечатена во 100 000 примероци